


# **ПОДКАСТ 5 –** КОГА ТИШИНАТА ЗБОРУВА: КОМУНИКАЦИЈА БЕЗ ПОЗНАВАЊЕ НА ЈАЗИКОТ

## “КОМУНИКАЦИЈА БЕЗ ЗБОРОВИ”

**Ден 1 – Пристигнување**

Кога за првпат го видов моето семејство-домаќин, што ме пречека на аеродромот, се вкочанив.

Се насмевнуваа, мавтајќи со мал натпис на кој беше напишано моето име  со дебели, сини букви:

„Добредојде, Лена!“

Во авионот вежбав неколку реченици. Ги повторував во себе,  одново и одново. Но кога ја отворив устата – ништо не можев да кажам.

Таткото направи чекор напред, го зеде мојот куфер и зборуваше со брз, мелодичен тек на зборови, кои не ги разбирав. Мајката тивко се насмеа и ме допре по рамото – како да сака да каже: „Не грижи се.“ Нивната мала ќерка се криеше зад ногата на мајка ѝ, но љубопитно ме погледнуваше. Се насмевнавме една на друга. И во тој момент, тишината престана да биде непријатна.

**Тоа беше мојата прва лекција за комуникација без зборови.**

Co-funded by the European Union
Fundacja Energia dla Europy
AUTPOST ACADEMY
POSITIVO Think Positive Be Creative
FERI

**Ден 3 – Загадочниот појадок**

Првите денови се чувствував како да живеам во свет составен од гестови. Секое утро, мирисот на кафе и потпечен леб ја исполнуваше кујната. Мојата мајка - домаќинка покажа кон масата, ги крена веѓите и се насмевна.



- Да јадам ли сега?
- Да почекам?
- Да кажам нешто?

Едно утро решив да помогнам. Исеков леб и почнав да мачкам џем.

Одеднаш – „Не, не, не!" Сите ми мавтаа со рацете.

Се вкочанив. Потоа таткото се насмеа, покажа кон тостерот и рече „поп!". Џемот доаѓа по тостерот. Се смеевме, сè додека не се расплакавме од смеа.

**Тогаш сфатив – на смеата, исто како и на љубезноста, не ѝ е потребен превод.**

**Ден 5 – Возењето со автобус**

Во автобусот кон училиштето седнав до една постара жена со шарен шал. Носеше мала хартиена кеса со јаболка.

Влезе еден маж, зборуваше гласно и очигледно беше лут. Не ги разбирав зборовите, но напнатоста го исполни автобусот.

Жената воздивна, извади јаболко и му го понуди. Тој застана. Ја погледна неа. Потоа јаболкото. Се насмевна несигурно – и го зеде. Атмосферата во втобусот се смири.

**Љубезноста прозборе.**

**Ден 8 – Фестивалот на светлината**

На еден локален фестивал, ме опкружи музиката, свеќите и движењата. Не ги разбирав правилата. Луѓето се држеа за раце во круг. Мајката ми даде знак да им се придружам. Се двоумев. Потоа зачекорив внатре.

На почетокот се сопнував. Потоа ритамот ме понесе. Се движевме заедно – се смеевме, аплаудиравме, се вртевме. Бевме странци – но некако, поврзани. Кога заврши играта, жената до мене, ме прегрна.



**Не беа потребни зборови.**

**Ден 12 – Дождот и чадорот**

Си го заборавив чадорот. Истураше дожд. Една соученичка ме стигна, држејќи го чадорот доволно високо за да нè покрие двете. Одевме во тишина. Дождот тропкаше над нас. На раскрсницата, таа покажа лево и се насмевна. Јас покажав десно.

Таа застана за момент, и го кажа единствениот англиски збор што го знаеше: „Friend."

**Тој еден збор ми значеше повеќе од сто совршени реченици.**

**Ден 15 – Вечерата и разговорот**

До втората недела, вечерата стана мешавина од речници, гестови, смеа и фотографии. Тие ме прашуваа за мојот дом. Им ги покажав моето семејство, моите пријатели и моето куче. Тие ми ги покажаа нивните.

**Тоа беше нашиот прв вистински разговор – составен од слики, насмевки и заедничка љубопитност.**

**Ден 19 – Подарокот за збогување**

Малото девојче ми подари цртеж: две фигури од стапчиња што се држат за раце.

Над нив, со криви букви беше напишано: „Best frend(Најдобра пријателка).“

Се расплакав. Таа не разбра зошто – но, тоа беше во ред.



**За некои работи не треба објаснување.**

**Ден 20 – Враќање дома**

Кога се вратив дома, мојот сопствен јазик ми звучеше гласно. Се вслушав во него -  не само во зборовите, туку и во паузите, тонот и она што не беше кажано. Научив дека тишината не е празнина. Таа е простор.

**И понекогаш, најдлабокото разбирање живее токму таму.**

**Завршна рефлексија:**
Ние мислиме дека комуникацијата е зборување. Но можеби таа е и чувствување - чувството да бидеш виден, чувството да бидеш безбеден и чувството на поврзаност.

**Искажување на емпатија – кога зборовите не се доволни**

- Кога ги нема зборовите  – слушај ги гестовите.
- Кога јазикот разделува – љубезноста нека биде превод.
- Кога тишината е чудна – вслушај се  доволно долго, за да го слушнеш нејзиното значење.

Затоа што емпатијата не е реченица.
Таа е простор што го создаваш, за да некој друг постои.
И понекогаш, најдлабокото разбирање не доаѓа од повеќе зборување – туку од тоа да бидеш доволно присутен, иако нема ништо да кажеш.

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M | A | N | L | J | H | U | T | F | N | L | B | T | I |
| O | S | L | I | T | T | A | K | V | W | G | I | Q | I |
| N | J | E | G | V | V | L | U | C | I | N | E | K | R |
| V | I | S | C | H | I | O | R | U | Q | U | U | Q | S |
| Q | K | B | A | B | B | O | N | A | T | A | L | E | W |
| K | V | P | A | N | E | T | T | O | N | E | I | F | K |
| V | I | U | N | A | S | T | R | I | N | N | E | V | E |
| I | H | R | E | G | A | L | I | V | E | U | Z | G | J |
| Y | A | N | G | E | L | O | J | R | A | N | T | S | X |
| S | T | E | L | L | A | Y | X | B | N | A | S | T | C |
| E | L | F | O | F | F | B | I | S | C | O | T | T | I |
| B | P | I | A | L | B | E | R | O | G | A | H | I | X |
| O | K | D | G | H | I | R | L | A | N | D | A | S | K |
| A | I | P | V | Q | K | D | K | F | R | E | N | N | A |

Co-funded by the European Union

Fundacja Energia dla Europy

AUTPOST ACADEMY

POSITIVO Think Positive Be Creative

FERI

*Финансирано од Европската Унија. Изнесените ставови и мислења се исклучиво на авторот/авторите и не ги одразуваат нужно ставовите и мислењата на Европската Унија или на Фондацијата за развој на образованието. Ниту Европската Унија, ниту Фондацијата за развој на образованието не сносат одговорност за нив.*

*Сите резултати стекнати во рамките на проектот „Building Community Links“ се достапни со отворени лиценци (CC BY-SA 4.0 DEED). Тие можат да се користат бесплатно и без ограничувања. Копирањето или обработката на овие материјали, во целост или делумно, без согласност на авторот е забрането. Во случај на користење на резултатите, потребно е да се наведе изворот на финансирање и авторите.*

Co-funded by the European Union

Fundacja Energia dla Europy

AUTPOST ACADEMY

POSITIVO Think Positive Be Creative

FERI